Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ МАКЕДОНСКО СЕЛО** со седиште на ул. Нас. место без уличен систем бр. 157 Г. Нерези, Карпош, Скопје ги исполнува условите за Хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДТГМУ ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со седиште на ул. Бул. 3-та Македонска Бригада бр. 56 Скопје поднесе барање бр. 13-6017/1 од 07.11.2016 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект МАКЕДОНСКО СЕЛО, со седиште ул. Нас. место без уличен систем бр. 157 Г. Нерези, Карпош, Скопје, за Хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. 13-6017/2 од 09.11.2016 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди супериор пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 (Службен весник на Република Македонија бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Бр. 42-9052/1-16
3 март 2017 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
м-р Владимир Пешевски

| Учесници во увидот | име и презиме | предложена категорија | потпис |
|---|---|---|---|

Од Комисијата:

1. Сунај Јакупов
2. Зане Јосифовски
3. Марија Влашчева
4. Марија Јакимовска
5. Билент Мустафоски
6. Горан Лазов
7. Панева Евгенија
8. Марјане Ристевске
9. Гунзл Сали
10. Adrijana Alia
11. Ukrim Ibrahimi
12. Зоран Николовски
13. Ismet Sadiku

Од Барателот:

1. Марина Тодоровиќ

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за угостителската дејност, решавајќи по барањето бр. 13-6017/1 од 07.11.2016 година, Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување донесе

**ПРЕДЛОГ ЗА КАТЕГОРИЈА**
**на угостителскиот објект за сместување**

1. Се утврдува дека угостителскиот објект Комплекс Македонско село со седиште на адреса Нас. место без уличен систем бр. 1/57 с. Г. Нерези исполнува условите согласно Правилникот за категоризација на угостителски објекти за Хотел од Трета категорија со Три (3) ѕвезди. Супериор.

2. Составен дел од Извештајот е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кој се врши категоризација на угостителскиот објект.

3. Образложение од член од комисијата кој не се согласува со предложената категорија.

09.11.2016 год. Скопје
Датум и место

Комисија за категоризација
**Претседател**

М.П.

Република Македонија Министерство за економија Скопје